Почитувани родители / старатели,

Во прилог ви го доставувам вашиот ваучер од Бонусот за почеток на школувањето (School Start Bonus voucher).

Викторискaта влада го дава Бонусот за почеток на школувањето на сите родители и старатели чии деца во 2010 првпат поаѓаат во Подготвително одделение (Prep) или во 7-ма година, за да им помогне во покривањето на трошоците за униформи, училишни чанти, книги и други слични расходи, а на учениците да им се овозможи позитивен почеток во училиште.

Бонусот за почеток на школувањето е одделно од Додатокот за поддршка на образованието (Education Maintenance Allowance) и се исплатува независно од него. Исплатата на Бонусот за почеток на школувањето не зависи од приходите на родителите/старателите и нема врска со Centrelink.

Парите од ваучерот може да се подигнат почнувајќи од **11 јануари 2010** во секоја пошта во која е истакнат натписот Bank@Post, со покажување на документ за идентификација со фотографија.

Бонусот за почеток на школувањето изнесува 300 долари по ученик со право на него.

.

Ако вашето име не е точно напишано на ваучерот, барајте од вашето училиште повторно да го издаде ваучерот на кој точно ќе стои вашето легално име.

За повеќе информации за Бонусот за почеток на школувањето:

- Посетете ја интернет страницата www.education.vic.gov.au или
- Јавете се на Министерството за образование и развој во раното детство на (бесплатниот број) 1800 809 834 опција 6

Со почит,

Директор на училиштето